АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ
УП1 Бр. 02-86
07.02 2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/2019) и согласно Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.60/20) Директорката на Агенцијата за пошти на ден 07.02.2023 година го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

Барањето за пристап до информации од јавен карактер од страна на Здружението на граѓани Центар за граѓански комуникации, заведено во Агенцијата за пошти под број 13-39/1 од 20.01.2023 година се **УВАЖУВА ВО ЦЕЛОСТ**.

**СЕ ОДОБРУВА** пристап до информации и документи во врска со постапката за јавна набавка на канцелариски мебел бр. 20205/2022.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

На 20.01.2023 година Здружението на граѓани Центар за граѓански комуникации, преку застапникот Сабина Факиќ, поднесе Барање за пристап до информации од јавен карактер до Агенцијата за пошти по пат на електронска пошта (нивен број 0302-48/1 од 20.01.2023 година).

Согласно член 24 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ако имателот на информација позитивно одговори на барањето, веднаш му овозможува на барателот запознавање со содржината на бараната информација и со тоа увид, препис, фотокопија или електронски запис.

Агенцијата за пошти го разгледа Барањето од Здружението на граѓани Центар за граѓански комуникации, и како имател на бараните информации одлучи да го уважи Барањето во целост и ги доставува бараните документи во скенирана копија (PDF), по електронска пошта:

- Одлука за јавна набавка на стоки - Прилог 1
- Записник од отворање на понудите - Прилог 2
- Пристигнати понуди – Прилози 4, 4.1, 4.1.1, 4.2, 4.3

- Извештај за извршена евалуација – Прилог 6
- Извештај за спроведена постапка за доделување на договор за јавна набавка – Прилог 6
- Одлука за избор на најповолна понуда – Прилог 7
- Извештај од спроведена е-аукција – Прилог 8
- Потпишан договор за јавна набавка – Прилог 9

Согласно погоре наведеното, Агенцијата за пошти одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на неговото доставување.

**АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ**
Директорка
Билјана Аврамоска – Ѓореска

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ
СКОПЈЕ